**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Филозофски факултет**

Врз основа на член 4 од Одлуката за плаќање половина од износот на уписнината за прв циклус студии за студентите чие родителско право го врши само еден родител и
критериумите за остварување на ова право за учебната 2024/2025 година (бр. 02-952/3 од 20.9.2024 г.), Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" објавува

# И Н Т Е Р Е Н  О Г Л А С

**за избор на студенти чие родителско право го врши само еден родител, кои се стекнуваат со погодноста за плаќање половина од износот на уписнината за прв циклус студии за учебната 2024/2025 година**

1. Со овој Конкурс се врши избор на студенти чие родителско право го врши само еден родител **кои се стекнуваат со погодноста за плаќање половина од износот на уписнината за прв циклус студии за учебната 2024/2025 година**

2. Право на учество на Огласот има секој студент кој запишал зимски семестар на прв циклус на студии, освен студент кој го запишува последниот семестар по втор пат и повеќе, во учебната 2024/2025 година, а кој има само еден родител со родителско право (во натамошниот текст – апликант), односно има:
   - само еден родител запишан во изводот од матичната книга на родените, или;
   - починат родител, или
   - родител кој го загубил родителското право.

3. Постапката ќе ја спроведува Комисија формирана од страна на Деканот на Филозофскиот факултет.
4. Апликантите, **најдоцна до 14.10.2024 година (понеделник) до 16 часот** на следнава електронска адреса **interenoglas@fzf.ukim.edu.mk** треба да достават пријава во која ќе наведат
   - за бруцошите: вкупен број на поени според кои, согласно Конкурсот, студентот се запишал во прва година на студии
   - за студентите од повисоките години: просечен успех од положените испити

5. Со **Пријавата** апликантите, во ПДФ формат, ги доставуваат и следниве документи:
   - потврди за остварена плата на вработените членови на семејството за последната исплатена плата,

- Уверение за остварени приходи од УЈП на кандидатот и на членовите на семејството
- Лична изјава за бројот на членови на семејството
- Изјава за користење на лични податоци
- за корисници на социјална помош се доставува последно решение/потврда од Центарот за социјални работи,
- за пензионираните членови на семејството се доставува документ за висина на пензија
- пресуда од надлежен суд со утврдена законска издршка за кандидат и истата се смета како месечен приход
- за родител на кој му е одземено родителското право - решение од надлежен суд и/или
- за починат родител - извод од матичната книга на умрените.

6. Пријавата која ќе се достави после рокот или која нема да ги содржи потребните документи од точка 4 и точка 5, Комисијата ќе ја отфрли и нема да ја разгледува. Во постапката за избор на студенти чие родителско право го врши само еден родител ќе се изврши евалуација и проверка на веродостојноста на поднесената документација од сите пријавени кандидати (согласно чл. 5 од Одлуката). Комисијата самостојно ги пресметува поените и креира ранг - листа за секоја студиска програма и за секоја студиска година пооделно. Ранг - листите се објавуваат на интернет страницата на факултетот најдоцна до 20.10.2024 година.

7. Апликантите имаат оправо на приговор по објавените ранг- листи најдоцна до 28.10.2024 година до 15 часот. Приговорот се доставува само преку архивата на факултетот. Комисијата на факултетот ќе ги разгледа и ќе одговори на приговорите во рок од 5 работни дена. Дококу се утврди дека некој апликант поднел документација која не е веродостојна, истиот се симнува од ранг-листата. Прворангираните кандидати од секоја листа ја сочинуваат Конечната ранг-листа на добитници на погодноста за намалување на уписнината.

8. Конечната ранг-листа Комисијата ја објавува **најдоцна до 8.11.2024 година**.

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ СКОПЈЕ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје
Филозофски факултет